# Наши шуми

БРОЈ 76. ФЕВРУАРИ 2020

ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ




национални
шуми
во партнерство со природата

ISSN 1409-785

Импресум • Наши шуми • број 76 • Февруари 2020



## ПРОГРАМА 2020

Програмата за работа на ЈП"Национални шуми" за 2020 год. претставува збир на поединечните Предлог-програми на подружниците и е изработена во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите. Во деловната 2020 год. ЈП"Национални шуми" планира да произведе вкупна бруто дрвна маса од 752.356 $м^3$. Од вкупно планираното производство на дрвни сортименти, ќе се произведе:техничко дрво вкупно 136.215 $м^3$, огревно дрво 539.184 $м^3$ и отпад собран после сеча 76.957 $м^3$. Според сортиментната структура во вкупната планирана бруто дрвна маса на ниво на ЈП"Национални шуми" за 2020 година, техничкото дрво учествува со 18,05%, огревното со 71,74%, а отпадокот собран после сеча со 10,20%.



## ПОДРУЖНИЦА

Подружницата "Липа"- Крушево е сместена во пазувите на столетна букова и борова шума, срдечно дочекани од вработените во оваа мала по површина подружница и мал број на вработени кој се движи околу 40-тина постојано и на определено време. Просториите во кои се работи всушност е барака која одамна постои и склад и плац на кој затекнавме одреден број на запленети дрва и застарена механизација која ја отсликува сликата на скоро сите подружници. За состојбите во ПШС"Липа"- Крушево, разговаравме со раководителот на подружницата Јанче Јанески, шумарски инженер по професија.



## АКЦИЈА

Според предлог планот за акцијата за чистење и расчистување на јавните површини во Град Скопје, вработените во државните институции помагаат за чистење на градот. Акцијата Администрацијата чисти се одржа на 14 декември, сабота, 2019. 12:00 – 15:00 часот. ЈП Национални шуми зеде активно учество во акцијата. ЈПНационални шуми, како еколошки одговорна фирма зеде активно учество во Акцијата –Администрацијата чисти.
ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ја поддржа оваа акција и активно учествуваше во акцијата„Администрацијата чисти со Не биди ѓубре" како еколошка порака за поттикнување на свесноста за одговорноста на секој граѓанин за одржување на чиста околина.



## РЕГИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА

Проектот „Регионална акција за борба против криминал и корупција во шумарството" има за цел да постигне добро владеење во секторот шумарство, и да помогне во борбата против криминалот и корупцијата во овој сектор, преку зголемување на транспарентоста и вмрежувањето во четирите проектни земји (Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора). Проектот ќе создаде подобри услови за контрола на криминалот и корупцијата во секторот, преку креирање на информативен систем и подобрување на механизмите за следење на овие активности. Проектот се спроведува од ЦНВП Фондација - Холандија, преку канцеларијата во РС Македонија, заедно со проектните партнери: невладините организации ФЕА - Босна и Херцеговина и Зелен Дом – Црна Гора. Проектот е финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

04 БЛИЦ
07 ЕДИТОРИЈАЛ
08 РЕЗИМЕ
11 ПРОГРАМА 2020
16 ПОДРУЖНИЦА
20 АКЦИЈА
24 РАБОТИЛНИЦА
28 ПРОЕКТИ
30 ПОШУМУВАЊЕ

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми • За издавачот: Зоран Ѓорѓиев, директор
**Главен и одговорен уредник:** Соња Никчевиќ
**Редакција:** Соња Никчевиќ, • Издавачки совет: Зоран Ѓорѓиев, Гордана Серафимовска Никола Лозановски, м-р Борче Бојчовски, Никола Киров, м-р Маре Басова
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром
**Адреса:** ЈП Национални шуми, ул. Перо Наков 128, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk • www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01

### ЗАЕДНИЧКО ПОШУМУВАЊЕ - Граѓаните имаат право на чист воздух



Во месноста Миланица во близина на Кочани, *Зоран Ѓорѓиев*, директор на ЈП Национални шуми, заедно со министерот за земјоделство, *Трајан Димковски*,директорот на АФПЗР,*Николче Бабовски* и градоначалникот на Кочани, *Николчо Илијев* засадија дрвца.
Мотото на засадувањето е:"Заедно со граѓаните правиме се за намалување на загаденоста на воздухот. Граѓаните имаат право на чист воздух."

## БЛИЦ 02

### ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ“ ПОШУМУВА

На 04.12.2019 година ЈП „Национални шуми“, учествуваше на пошумувањето во рамките на акцијата: „Засади топола и врба и сочувај ги крајречните шуми долж река Брегалница” која се одржа во близина на селото Софилари кај Штип, непосредно крај реката Брегалница.
Во акцијата се засадени 1500 садници со врба и топола со цел подобрување на крајречната вегетација, како и заштита од ерозија и поплавување на околните површини.
Настанот за пошумување е во организација на Македонското еколошко друштво, во координација со Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2, и во соработка со Општината Штип, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министертвото за земјоделие, шумарство и водостопанство и ЈП „Национални шуми“.
На настанот за пошумување се обратија заменик министерот за животна средина и просторно планирање Јани Макрадули и градоначалникот на општина Штип, Благој Бочварски, Саша Јовановиќ од сектор за шумарство (МЗШВ), како и директорот на ЈП Национални шуми, Зоран Ѓорѓиев.
На акцијата за пошумување учествуваа вработени во ПШС Брегалница, Штип, како и директорот на ЈП Национални шуми, Зоран Ѓорѓиев, ученици од три основни и три средни училишта од општина Штип, студенти од Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, студенти од Природно-математичкиот факултет од Скопје, извидници од ИО „Еквинос“ од Штип, како и претставници на партнерските организации на Програмата и други заинтересирани институции.
„Засади топола и врба и сочувај ги крајречните шуми долж река Брегалница”





## БЛИЦ 03

### СЕ ПОШУМУВА ОПОЖАРЕНАТА ПОВРШИНА КАЈ ВЕЛЕШКО ЕЗЕРО

На 20.12.2019 година, канцеларијата за контакт со граѓани на пратениците Панче Иванов и Агим Муртезанов организираше акција за пошумување на опожарениот реон на езеро Младост.
Акцијата се оствари во соработка со Шумско стопанство „Бабуна“ - Велес, подружница на ЈП Национални шуми, а финансиски е поддржана со грант од мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Во акцијата учествуваа и членови на младинската бригада од здружението "Акцијаши" - Велес. Со ангажирање на овие млади волонтери сакаме да ја подигнеме свеста кај младите за значењето на овие зелени површини, нивната еколошка вредност, и потребата од заедничка соработка за нивно одржување, зачувување и заштита во иднината.



## ПРЕДНОВОГОДИШНА СРЕДБА ВО ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ — БЛИЦ 05

На 30.12.2020. во просториите на дирекцијата на ЈПНШ, на предновогодишен состанок со Директорот Зоран Ѓорѓиев, заменик директорот Berat Dehari и менаџерскиот тим на ЈП национални шуми, беа раководителите на сите 30 Подружници кои функционираат во состав на ЈП Национални шуми.
Во пријатна и срдечна атмосфера, присутните ги поздрави директорот Зоран Ѓорѓиев, кој честитајќи ги претстојните празници се заблагодари на соработката на сите раководители на 30-те подружници на ЈП Национални шуми и посака поголеми деловни успеси во идната година, унапредување и развој на претпријатието во насока на подобрување на производството, инвестирање во основни средства и механизација и поголемо залагање на сите вработени.
Новоназначениот заменик на директорот Berat Dehari истакна дека се радува на идната соработка со сите присутни, со надеж и желба дека ќе даде максимален придонес во успешноста на ЈП Национални шуми.



## ИЗБРАН ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ — БЛИЦ 06

Со Одлука на Управниот Одбор на ЈП Национални шуми , на 16.12.2019 година, за заменик директор на ЈП Национални шуми е избран M-r Berat Dehari, правник по професија, кандидат на докторски студии.






## АКЦИЈА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ЧИСТИ — БЛИЦ 07

“Вработените во ЈПНШ го даваат својот максимален придонес во акцијата„Администрацијата чисти, длабоко свесни за значењето на здравата животна средина. Ценејќи го овој исклучителен еколошки гест на јавната администрација и вработените во ЈПНШ ќе го дадат својот максимален придонес во зачувувањето на здравата животна средина.
Ценејќи го овој исклучителен еколошки гест на јавната администрација и ресорното министерство МИАО, ЈПНШ , односни вработените со задоволство ја поддржаа оваа исклучителна акција на ниво на цела држава.”- изјави Зоран Ѓорѓиев, директор на ЈПНШ. .”
ЈПНШ зеде активно учество на локација на улица Џон Кенеди,заедно со повеќе Јавни претпријатија во државата.

ЈП Национални шуми беше координатор на акцијата на оваа локација, заедно со:
ЈП Македонија пат, Централен регистар на РСМ, ЈП заДржавни патишта, Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати,
Државен инспекторат за шумарство и ловство. Координацијата беше проследена и поддржана и од Општина Чаир, чии претставници беа логистика на настанот.



## БЛИЦ 08 РАБОТИЛНИЦА-КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И УПРАВУВАЊЕСО ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во периодот од 06 до 07 Февруари 2020 година, во хотел Александар Палас во Скопје, во организација на Швајцарската Агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation-SDC), во соработка со Регионалниот центар за мониторинг на шумски пожари (Regional Fire Monitoring Center-RFMC) и Глобалниот центар за мониторинг на шумски пожари (Global GFMC), беше одржана Работилница-Климатски промени и управувањесо пожари на отворен простор во Западен Балкан, со општа цел: проценка на потребите и потенцијалот за развој на регионална програма за управување со шумите во Западен Балкан преку зближување на клучните засегнати страни и претставници. На работилницата учествуваа претставници на шест земји од Западен Балкан: Србија, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина, Албанија и Македонија, и секоја земја презентираше извештај со наслов: Преглед на состојбата со управување со пожари на отворен простор со посебен осврт на тековна состојба, политики, прекугранична соработка во управувањето со пожари и свесност за климатските промени.
Работилницата Климатски промени и управувањесо пожари беше структурирана на три сесии со три работни групи кои дискутираа на теми: Политики, Шумарство/земјоделство и соседни сектори и Меѓугранична соработка. По извршените презентации на работните групи беше отворена дискусија со прашања, по што беа донесени следните финални заклучоци:

1. Ревидирање и изготвување законска регулатива во однос на поставеноста на институциите на ситемот
2. Адаптација на плановите за управување и техниките на работа
3. Валоризирање на општо-корисните функции на шумата и инвестирање во заштитата и управувањето на пожари на отворен простор
4. Регулирање на статусот и дефиницијата за напуштено земјиште
5. Потреба од размена на добри практики во регионот
6. Поголема соработка со организации на регионално ниво и интернационално ниво
7. Нов пристап и стратегија за горење на стрништа

## БЛИЦ 09 ДИРЕКТОРОТ НА ЈПНШ, ЗОРАН ЃОРЃИЕВ ВО ПОСЕТА НА ДРВНО-ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

На 11.12.2019. , директорот на ЈПНШ, Зоран Ѓорѓиев и помошник директорот за комерцијално работење Борче Бојчовски беа во посета на дрвно-преработувачките капацитети во Пехчево и Берово. При посетата се состанаа со вработените во овие мали дрвно-преработувачките капацитети кои се постојани комитенти, односно купувачи на дрвна граѓа од ЈП Национални шуми. ЈПНШ е главен снабдувач со суровини на овие пилани, при што на средбата се разменија искуства во однос на меѓусебната соработка, динамика на снабдување, како и за развојните програми кои ќе се спроведуваат во иднина. Станува збор за поголеми и помали субјекти, кои делуваат во една од поразвиените индустриски зони за дрвопреработувачка и пласираат свои производи на пазарот.
Директорот Зоран Ѓорѓиев во непосреден разговор изрази поддршка на идните развојни програми, како и почитување на динамиката на испорака на техничка дрвна маса. Дрвопреработувачите пак укажаа на некои проблеми кои можат да се решат, но и за фактот дека работат за познати комитенти и се задоволни од досегашната соработка.





# ЗА БЕЛИНАТА НА СНЕГОТ

*Белината на снегот означува духовна чистота. Невиност и вистина насликани со бела боја.*

*И ангелите на древните слики се бели.*

*Снегот иако со ефемерно траење, за миг може да ја покрие грдотијата и да ја сокрие духовната валканост и кај човека на момент да создаде илузија дека не е се така грдо и безнадежно лошо, туку дека, човекот со духовен напор може животот да го направи убав,како што е пределот покриен со бел чист снег, а во воздухот снегулките го танцуваат најубавиот танц.*

*Нема ништо поубаво и повеличенствено од мигот кога сонцето со своите зраци ги прекрива со снег покриените предели и кога тие блеснуваат наспроти сонцето и синилото на небото.Ова доживување може да биде незаборавно.*
*Човек во вакви моменти чувствува прилив на заспана енергија,прилив на сила и радост, помешана со чувство на озареност и блискост со Бога.*

*Чувството е незаменливо.*

*Не помалку убава е глетката на белината на снегот на месечина, опкружена со аура на светост и таинствена димензија на внатрешна духовна убавина и радост што сме сведоци на ваква убавина.*
*Оваа димензија на радост не ја овозможува ниедно друго годишно време освен зимата.Се, дотогаш тажно и меланхолично, за миг станува весело и достоинствено, добивајќи оптимистичко ехо во нашите души.*
*Како звук на свечени црквени свона.*

*Снегот има и откривачка димензија.Белите снежни патеки изгазени од човечки стапала можат да не изведат на вистински пат и тогаш кога ќе ни се причини дека нема излез, зашто, белите снежни патеки се секогаш патоказ за оние кои ги реализирале своите намери, избегнувајќи ги заскитувањата.*

*Снегот може да симболизира и студ и мраз, но овие карактеристики не се доминантни во психолашка смисла.Тој е студен, но ретко нешто толку може да го загрее срцето.Топењето на снегот под налет на топлите пролетни ветрови, од друга страна, симболизира омекнување на срцето и повторно емотивно соединување на разделените и обновување на љубовта.*

*Снегот копнее и го снемува.На површина излегува се што се скривало за време на зимата, останува калта, непокриена и видлива и залудни се напорите да се врати на старото.Останува само, свесни за тоа дека “снегот ќе се стопи“, да ја сочуваме чистотата на душата и белината на убавината во своите сеќавања и да се дистанцираме од валкањето на духот, зашто како што рекол Хесе:*

*“ Благоста е појака од строгоста, водата појака од карпите, љубовта посилна од злобата“.*

*Соња Никчевиќ*

# ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА- ЈПНШ

Основна дејност на Јавното претпријатие "Национални шуми" е стопанисување со шумите за стопанска намена во државна сопственост.

Шумарството е комплексна стопанска гранка во која поради тешко достапните терени се наметнува потребата за инвестирање во изградба на нови и одржување на постоечките шумски комуникации, изградба на градежни објекти, обезбедување на соодветни основни средства, опрема и сл. во функција на трајно и одржливо стопанисување со шумските комплекси. Оттука произлегува и потребата од континуирано инвестирање во инфраструктурата, основните средства, опрема, информатичко-комуникациски технологии, во шумската и противпожарната заштита, а со цел одржлив економски менаџмент над шумските ресурси со кои стопанисува ЈП „Национални шуми" Во 2020 година се планираат средства за инвестициони вложувања во износ од 78.053.429,00 денари за изградба и реконструкција на шумски комуникации и средства во износ од 87.063.119,00 денари за останатите инвестиции (изградба и реконструкција на објекти, основни средства, информатичка опрема и останати набавки).

Средствата за развој и инвестиции се во рамките на планираната нето добивка која изнесува 87.063.119,00 денари.

Поради наведените финансиски обврски на ЈП „Национални шуми" инвестициите во претпријатието за 2020 год. се сведуваат на најнеопходните, кои имаат директно влијание за непречено реализирање на Програмата за работа за 2020 година.

Инвестиционата програма на претпријатието е вложување во набавка на основни средства, товарни возила-камиони за превоз и утовар на дрвни сортименти заради намалување на трошоците за превоз како и навремено снабдување на населението со огревно дрво, отварање и изградба на шумски патишта за превоз на дрвни сортименти заради поекономично стопанисување со шумите во државна сопственост со што би се намалиле дистанците за привлекување и превоз на шумските сортименти, а со самото тоа и трошоците во претпријатието што претставува предуслов за остварување на подобри финансиски резултати.





Во 2020 година, во делот на производството се планира изградба на три (дрвени) шумски моста во подружницата во Берово кои служат за превоз на дрвни сортименти.

Во делот на расадничкото производство, планирано е изградба на мост во расадникот во подружница во Куманово како и реконструкција на објекти во расадници.

За подобрување на условите за работа на вработените, планирана е реконструкција и санација на некои од управните згради во подружниците.

Транспортот на шумски сортименти во шумарската практика е една од најважните фази во процесот на користењето на шумите. Врз основа на доброто познавање на моменталната состојба на патната инфраструктура во шумарството, теренските прилики, технологијата на транспортната техника како и потребите на пошироката општествена заедница, може оптимално да се утврдат идните потреби и приоритети од ангажирање и набавка на транспортни средства. Низата специфичности на шумскиот транспорт, како што се: концентрацијата на дрвната маса, малите количини на дрвна маса на единица површина, како и други биолошки, технички и економски параметри, условуваат шумите да се отвараат со различни видови на патишта.

Во новите сопственички и пазарни услови во шумарството, со цел да се создадат современи услови на стопанисување со шумите, се наметнува потребата на современ начин да се реши транспортот на шумски сортименти од шума до краен купувач. Од тие причини се наметнува потребата од набавка на современи транспортни средства специјализирани за превоз на шумски сортименти, што ќе одговараат на состојбата на постоечката патна инфраструктура.
Со набавка на нови товарни и теренски возила ќе се овозможи поквалитетно и навремено извршување на планираните задачи односно навремен транспорт на дрвните сортименти и заштеда на финансиски средства, односно поголема рентабилност на претпријатието.



# РЕЗИМЕ

Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија. Затоа во деловната 2020 година е предвидена набавка на мрежна опрема со која ќе се замени дел од постоечката која е дотраена и подложна на чести дефекти поради кои понекогаш има прекин во комуникацијата помеѓу подружниците и дирекцијата и кон надворешните институции. За подобра евиденција на судски предмети се планира изработка на софтверско решение – програм за електронска евиденција, како и софтвер за управување со документи и архивирање.

Поради енормно зголемената појава на шумски пожари во 2019 година на територија на Република Северна Македонија, инвестицијата за набавка на опрема за гаснење на пожари (пумпи) е од големо значење во делот на заштитата на шумите од пожари.

Врз основа на член 11, точка 8 од Законот за јавните претпријатија, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе Одлука за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми,, - п.о. Скопје, бр.12-985/1 од 4.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на седницата одржана на 10.12.2019 година.

Подготвила: Гордана Серафимовска



# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП"НАЦИОНАЛНИ ШУМИ" ЗА 2020-РЕЗИМЕ

Програмата за работа на ЈП"Национални шуми" за 2020 год. претставува збир на поединечните Предлог-програми на подружниците и е изработена во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите.

Во деловната 2020 год. ЈП"Национални шуми" планира да произведе вкупна бруто дрвна маса од 752.356 м³.

Од вкупно планираното производство на дрвни сортименти, ќе се произведе:

- Техничко дрво . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136.215 м³
- Огревно дрво . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 539.184 м³
- Отпад собран после сеча . . . . . . . . . 76.957 м³

Според сортиментната структура во вкупната планирана бруто дрвна маса на ниво на ЈП"Национални шуми" за 2020 година, техничкото дрво учествува со 18,05%, огревното со 71,74%, а отпадокот собран после сеча со 10,20%.

Од дрвните видови во сортиментната структура на планираната дрвна маса најзастапени се: буката, дабот, елата, белиот и црниот бор и останати иглолисни и лисјарски видови.

Од вкупно планираното производство за 2020 година, преку режиско искористување ќе се произведат 599.065 м³ или 88,70%, додека на сеча во државна нискостеблеста шума од страна на физички лица заради обезбедување на сопствени потреби отпаѓаат 11,30% или 76.334 м³.

Според квалитетот, од вкупната количина на техничко дрво, на трупци за режење отпаѓаат 128.546 м³ или 94,37%, додека на останато техничко дрво отпаѓаат 7.669 м³ или 5,63%.

Во вкупната планирана количина на огревно дрво буката учествува со 55,63%, дабот со 40,55% и останати со 3,82%.

Од вкупно планираната количина за сеча (675.399 м³), 142.216 м³ или 21, 05% ќе се посечат со сопствени работници, додека за сеча на 456.849 м³ или 67,64% ќе се користат услуги од надворешни извршители, а 11,31% или 76.334 м3 отпаѓа на планирана дрвна маса за сеча од страна на физички лица во државни нискостеблести шуми.

Во вкупно планираната дрвна маса за дотур (567.356 м³), дотурот со сопствени работници (93.029 м³) учествува со 16,40%, а дотурот со надворешни извршители (474.327 м³) со 83,60%.

Со сопствени утоварачи ќе се утоварат вкупно 33.994м³ (9,44% од вкупно планираната дрвна маса за утовар), додека со надворешни извршители се планира да се утоварат 326.218 м³ или 90,56%.

Во вкупно планираната дрвна маса за превоз (360.212 м³ ), превозот со сопствени камиони (19.764 м³) учествува со 5,49%, додека превозот со надворешни извршители (340.448 м³) учествува со 94,51%.

Фазата сеча се планира да се извршува со сечачи на неопределено време и сечачи на определено време. Со оглед дека сопствените работници се на располагање на претпријатието, и управувањето и распоредувањето за работа е во ингеренции на претпријатието. Од тие причини и квалитетот на изработеното производство е подобар. Во оваа фаза од големо значење е на работното место сечач да бидат ангажирани искусни сечачи и на работното место сечач да бидат распоредени навистина лица кои извршуваат сеча.

Фазата сеча со надворешни извршители се планира да биде реализирана по пат на објавување на јавен повик.

Фазата дотур во 2020 година се планира да се извршува со сопствени дотурачи и дотурачи на определено време. Во подружниците каде немаме вработено наши дотурачи, дотурот ќе го извршуваме со надворешни по пат на јавен повик.

Фазата превоз досега главно се извршува со надворешни превозници врз основа на склучени договори за превоз по пат на јавни повици и со сопствени камиони.





Вкупните трошоци за производство на огревно и техничко дрво се составени од директни и режиски трошоци. Во директни трошоци влегуваат трошоците во фазите сеча, дотур, утовар и превоз. Во режиски трошоци влегуваат: манипулативна режија, управно-продажна режија, трошоци за дирекција, одделение за изградба и прочистување на патишта и одделение за одгледување и заштита на шуми. Покрај директните и режиските трошоци, во планираната цена на чинење влегуваат и законските обврски, односно издвојување на средства за проста и проширена репродукција на шуми (според член 94 и 95 од Законот за шумите). Според овие параметри, планираната цена на чинење на огревното дрво на ниво на ЈП изнесува 3.310,30 ден/$м^3$, а на техничкото дрво 2.803,22 ден/$м^3$.

Реализацијата на планираното производство на шумски сортименти кое се извршува во тешки услови за работа во шумите (особено метеоролошките), условува потреба од соодветна патна инфраструктура.

Отворањето на шумите треба да овозможи рационално користење на сите добра, со цел да се подобрат производните можности на шумата.

Затоа, во областа на шумските комуникации во 2020 година се планира изградба на патишта во вкупна должина од 252,96 км, реконструкција на патишта во вкупна должина од 356,40 км, како и прочистување на постоечката патна мрежа во должина од 1.447,70 км. За реализација на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патиштата се планираат трошоци во износ од 96.315.974,00 ден. со сопствена механизација.

ЈП "Национални шуми" врши стручно-технички работи во приватните шуми, контрола на преносот и превозот на шумски сортименти и издавање на пропишана документација. Во 2020 година се планира да се означат вкупно 170.410 $м^3$. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи, ги обезбедуваат самите сопственици и за 2020 година се планираат во износ од 27.548.885,00 ден. Средствата пак, кои се очекуваат да се остварат по овој основ изнесуваат 42.469.150,00 денари.

Во расадниците во состав на ЈП "Национални шуми" во 2020 година се планира производство на едно и двегодишни шумски и хортикултурни видови, во количина од 4.404.641 броја садници. Вкупните планирани трошоци за реализација на расадничкото производство изнесуваат 16.473.136,00 денари, а се очекуваат вкупни приходи од 31.586.213,00 денари.

Активностите во областа на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со Посебните планови за стопанисување со шуми и Програмата за проширена репродукција на шуми од МЗШВ.

Со Програмата за работа за 2020 година е утврден обемот на работите во делот на проширена репродукција на шумите на 567,25ха и проста репродукција на шумите кој изнесува 2.043,69ха.

Во рамките на заштитата на шумите од пожари во 2020 година се планира навремено преземање на превентивни мерки, преку обезбедување на соодветна опрема, како и мобилизирање на соодветните служби. Трошоците за заштита на шумите од пожари, се планираат во износ од 10.681.716,00 денари.

Уредувањето на шумите, односно изработката на посебните планови за стопанисување со шуми е законска обврска. ЈП"Национални шуми" во 2020 година планира да изработи 14 ППСШ со вкупна површина од 86.893,52 ха. Стручните проектантски работи ќе ги изврши Секторот за уредување на шуми и ловишта и проектирање.

ЈП"Национални шуми" во 2020 година планира да оствари вкупни приходи од основната и други дејности во износ од 2.183.072.099,00 денари и вкупни расходи во износ од 2.086.335.300,00 денари.

Според тоа, претпријатието планира да оствари позитивен финансиски резултат од работењето (добивка), така што по подмирување на придонесите и даноците од добивката, би остварило нето добивка во износ од 87.063.119,00 денари.



Списанието „Наши шуми“ излегува од 1998 година. Во весникот се обработуваат теми од шумарството, екологијата и заштита на животната средина, го издава ЈП „Национални шуми“, во соработка и со надворешни соработници. Темите кои се обработуваат во списанието се одбираат според нивната актуелност, квалитет на презентирање и стручност на обработка, што е во интерес на квалитетот, стандардите и читаноста на списанието. За промените на рубриките одлучува издавачкиот одбор на предлог на Редакцијата на списанието, а за неговиот квалитет се грижи главниот уредник и редакцијата на списанието.

Дистрибуција на списанието се врши до сите институции во државата, до подружниците (бројот се определува според бројот на вработените), до деловни соработници на претпијатието, како и до образовните центри и училишта каде со особено внимание и интерес го обработуваат и читаат. Издавањето и печатењето на весникот „Наши шуми“ е финансирано од издавачот - ЈП „Национални шуми“.

За деловната 2020 година се планира подршка и организирање на саеми, организирање на - Денови на шумарството, подготвување на рекламен материјал според потребите на фирмата, координација и подршка на меѓународни проекти, едукација и дообука на кадри, учество на советувања, семинари и работилници, симпозиуми и други средби од областа на шумарството и социјалното партнерство кои се во функција на стручно унапредување и осовременување на планираните активности.

Подготвила: Гордана Серафимовска


















# ОДРЖАН ЗАЕДНИЧКИ СОСТАНОК МЕЃУ ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ И СИНДИКАТОТ ЗА ШУМАРСТВО, ДРВНА ИНДУСТРИЈА И ЕНЕРГЕТИКА



На 24.12.2019. во просториите на ЈП Национални шуми се одржа годишен состанок меѓу Национални шуми и Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика, кој ги застапува синдикалните права на вработените во шумарството.
Состанокот го водеа директорот Зоран Ѓорѓиев и заменик директорот Berat Dehari од страна на ЈП Национални шуми и Живко Митревски, Претседател на Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика.
На состанокот присуствуваа претседателеите на ограноците на синдикатот од Подружниците на ЈПНШ.
Воведен збор имаше Живко Митревски, Претседател на Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика, кој ја истакна добрата досегашна меѓусебна соработка меѓу двете институции со залагање за нивно подобрување во корист на вработените во ЈПНШ.
Потоа, обраќање имаше директорот Зоран Ѓорѓиев кој ги запозна присутните со тековното работење на ЈПНШ, особено нагласувајќи ги клучните моменти од работењето на Јавното претпријатие, предизвиците кои постојат и во неколку точки ги нагласи плановите за иднина, со цел да се надминат актуелните проблеми на вработените кои се решаваат во соработка со гранковиот синдикат.
Новоназначениот заменик директор Berat Dehari се обрати на присутните со неколку збора, и вети конструктивна соработка на сите нивоа за подобрување на работата на вработените во ЈП Национални шуми.
Во дискусијата која се разви меѓу присутните се изнесоа проблемите со кои вработените и синдикатот се соочуваат со цел и желба за нивно заедничко надминување.





# ПШС"ЛИПА"- КРУШЕВО – СО ДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА ДО ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ

Крушево не дочека светнато со прекрасни зимски сончеви зраци кои на уникатната панорама на градот и даваа посебна експресија која од првиот миг дава чувство на нереална убавина. Глетката, на пат кон нашата , ПШС" Липа"-Крушево ја надополни прекрасното синило на небото кое се назираше низ гранките на букова шума стара над двесте години. Како да влегуваш во бајка прошарана со зелени борови дрвја. Само снег недостигаше за целосно заокружена импресија на прекрасно зимско утро кое, веројатно го има само на вакви идилични места. Сместено на надморска висина од 1250 м.н.в, Крушево е едно од најидиличните места во државата, со воздух кој"слободно " може да се дише.
И мислиш со секое вдишување, вдишуваш и дел од убавината која ти ја исполнува душата.








Стасавме во подружницата "Липа"- Крушево, сместена во пазувите на столетна букова и борова шума, срдечно дочекани од вработените во оваа мала по површина подружница и мал број на вработени кој се движи околу 40-тина постојано и на определено време, вработени. Просториите во кои се работи всушност е барака која одамна постои и склад и плац на кој затекнавме одреден број на запленети дрва и застарена механизација која ја отсликува сликата на скоро сите подружници. Токму затоа, во недостаток на сопствена механизација, работата во шума во фазите сеча, дотур и превоз се извршува со надворешни извршители.





# ПОДРУЖНИЦА

***За состојбите во ПШС "Липа" Крушево, разговаравме со раководителот на подружницата Јанче Јанески, шумарски инженер по професија, кој е назначен за раководител од јуни, 2019 година, а претходно искуството за шумарството го стекнал во СОУ "Крсте Петко-Мисирков"- Демир Хисар, каде предавал стручни предмети од шумарство.***

## *Осврт кон актуелната ситуација во ПШС "Липа"- Крушево*

Во моментот на моето доаѓање за раководител на оваа подружница , во почетокот на јуни, 2019 година, можам да кажам дека затекнав многу лоша состојба. Од предвидениот вкупен етат за 2019 година кој изнесуваше11 363 м$^3$, од кој на огревно дрво отпаѓа 10 863 м$^3$, а техничко 176м$^3$, имаше многу мал процент на реализација, проблем кој со години наназад се провлекуваше во оваа подружница. Познавајќи ги условите во кои работи, како и капацитетите кои можат со добра организација, подобрување на работната дисциплина и подобрување на соработката со надворешните извршители, знаев дека може да се постигне многу повеќе. Благодарение на залагањето на екипите за работа во сите сектори и несебичната помош што ни ја пружи актуелното раководство од дирекцијата предводено од директорот Зоран Ѓорѓиев, ние за шест месеци успеавме да постигнеме реализација на планот од 97 проценти. Посечено, дотурено и целосно наплатено е производство од 10 340м$^3$ огревно и 221м$^3$ техничко дрво. Со ова докажавме дека со малку поголем напор и залагање резултатите може да се достигнат, иако морам да нагласам еден горлив проблем со кој се соочуваме, а тоа е недостаток на механизација и застарен возен парк, но ние се надеваме дека во соработка со дирекцијата, со тек на време и овој проблем ќе се надмине.

## *Продажба и пласман на дрвни сортименти*

Во 2019 година, како никогаш досега, побарувачката на огревно дрво од страна на месното население, беше многу голема. Испорачани се околу 3500м$^3$ огревно дрво, што не се случило одамна во Крушево, со тенденција на зголемување на побарувачката и со целосно задоволување на договорените количини со физички и правни лица и со синдикални организации. Овде неизбежно се поставува прашањето од каде со години се снабдувало населението. Одговорот лежи во уште еден голем проблем со кој тековно се справуваме, а тоа се бесправните сечи, кои со добро организирана контрола успеавме да ги намалиме, а резултатот на тоа е очигледен со враќањето на довербата кај населението.

## *Екипираност на подружницата*

Од аспект на екипираноста во подружницата по сектори, само делумно ги задоволува потребите за работа. За таа цел согласно планирањата во програмата за работа за 2020 година, прадвидени, а дел и остварени се вработувања , како на определено време(сезонски работници), според сезонскиот карактер на работата во шумарството, така и предвидените вработувања на неопределено време во сите сектори за подобро функционирање на подружницата и справување со проблемите ко произлегуваат од работата. Имаме неколку празни работни места ослободени по пат на природен одлив и очекуваме дека ќе се пополнат со квалитетни млади и стручни лица.

## *Активности преземени во последите 6 месеци*

Предизвик беше да се преземе целосното раководење на подружницата, особено со затекнатите проблеми од кои беа голем дел неподмирени обврски кон економските оператори, кои успеавме да ги покриеме, а истите да бидат целосно вклучени во работниот процес, обезбедувајќи им услови за работа.

ПШС"Липа"- Крушево активно учествуваше во гаснењето на пожарот кој избувна во близина на манастирот "Свето Преображение" и кој во соработка со сите надлежни градски и државни институции едвај успеавме да го изгаснеме за да не го зафати манастирот. ПШС"Липа"- Крушево во соработка со Општина Крушево, веднаш спроведе акција на пошумување со шумска култура од смрча и бел бор во атарот на манастирот, а се спроведени и активности за подигање на свеста заштита од пожари кај населението, зашто сите знаеме дека последиците од појавата на шумски пожари тешко се надоместуваат и треба многу време да се достигне оптимална зрелост на шумата.



Уште еднаш ќе нагласам дека сите активности кои ги преземавме во изминатиов период ќе беа делумно завршени, доколку на повеќето барање не ни излезеше во пресрет раководството на ЈП Национални шуми и директорот Зоран Ѓорѓиев со кој во секој момент имавме разбирање и помош за решавање на проблемите. Благодарен сум и на вработените кои несебично одговорија на поставените задачи и обврски, со цел реализација на планот, како и со ефективно справување со затекнатите проблеми и изнаоѓање начин за нивно решавање.

## *План за работа за тековната 2020 година*

Што се однесува до планот за тековната година, ќе се движиме на подобрување на квантитаетот на производство, проследено со квалитет на производство и враќање на целосна доверба и кај комитентите и кај месното население во однос на редовна , квалитетна и навремена испорака. Јас ја преземам одговорноста за квалитетот на дрвото, односно почитување на дрвните сортиментни класи. Сметајќи на зголемена побарувачка за 2020 година е зголемен планот на 12 000 $м^3$ дрвна маса. Меѓутоа, нема да да бидат запоставени и одгледните и општокорисните мерки на шумата, со кои законски сме задолжени и кои доколку сакаме да го вратиме добриот имиџ на ПШС“Липа”- Крушево.
“Предизвикот кој јас си го поставив со преземањето на раководната фукција во подружницата ги содржи исполнувањата на сите планови, преземање на неопходни мерки и работа според пропишаните законски мерки и мислам дека сме на пат во целост да одговориме на предизвикот”- го заврши своето излагање актуелниот раководител на ПШС“Липа”- Крушево, Јанче Јанески, кој ни остави впечаток на млад и перспективен шумарски стручњак кој го дава максимумот за подобрување на резултатите на сите нивоа во подружницата.
Ние се обидовме да ги забележиме прекрасните глетки со кои бевме опкружени за цело време на престојот во прекрасната природа и да ги сочуваме сеќавањата на едно прекрасно зимско пладне поминато во прекрасното Крушево.

Соња Никчевиќ









# АКЦИЈА *Администрацијата чисти*

*Животната средина е заедничка, на сите нас, само со заедничка вклученост може да ја зачуваме. ЈП Национални шуми ја следи природата и ја почитува и настојува во одржување на здрава животна средина, зашто природата го следи својот тек како мирна река, без големи осцилации, падови и скокови.*

*Во природата не постојат награди, ниту казни. Постојат само последици,а последиците ги чувствува човекот. Затоа е важен складот со природата почитување на законите на природата за што поздраво и поуспешно зачувување на здравата животна средина. Животната средина е заедничка, на сите нас, само со заедничка вклученост може да ја зачуваме.*

Основната цел која беше во целост постигната, беше во исто време сите вработени во јавната администрација да излезат и го дадат својот придонес во расчистување на градските површини. Тоа се постигна со организација и определување на вкупно 20 збирни места каде што според претходно направен Оперативен план се собираа вработените од определени институции и од појдовните места го чистеа теренот. За сите збирни места имаше назначено координатори на акцијата, со што се олесни оваа масовна акција, а вработените во администрацијата вистински си го дадоа својот придонес.
Според предлог планот  за акцијата за чистење и расчистување на јавните површини во Град Скопје, вработените во државните институции помагаат за чистење на градот.
Акцијата Администрацијата чисти се одржа на 14 декември, сабота, 2019. 12:00 – 15:00 часот.

За успешно и ефективно спроведување на оваа масовна акција за чистење која ја има за цел подигање на еколошката свест за животната средина во која живееме, беше формиран Штаб за спроведување на акцијата за чистење на животната средина, кој го сочинуваа:
- Дамјан Манчевски ,  министер за информатичко општество
- Насер Нуредини , министер за животна средина и просторно планирање
- Викторија Аврамовска Мадиќ,  Секретар на Град Скопје
- Аднан Џафероски, директор на Дирекција за заштита и спасување
- Агрон Буџаку , директор на Центар за управување со кризи
- Беким Мемеди , директор на Македонија пат
- Преставник од канцеларијата на Владата задолжен за односи со јавноста.






*ЈП Национални шуми, коко еколошки одговорна фирма зеде активно учество во Акцијата –Администрацијата чисти. ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ја поддржа оваа акција и активно учествуваше во акцијата„Администрацијата чисти со "Не биди ѓубре" како еколошка порака за поттикнување на свесноста за одговорноста на секој граѓанин за одржување на чиста околина.*







На 14.12.2019 година, вработените во ЈП Национални шуми од дирекцијата и од ПШС Караџица –Скопје, предводени од директорот Зоран Ѓорѓиев, заменик директорот Berat Dehari и целиот менаџерски тим, масовно присуствуваа на чистењето на улицата Џон Кенеди, која беше определена од организаторот МИАО. ОД СОЗР беа поделени, кеси за ѓубре, ракавици и маски на сите институции кои учествуваа под координација на ЈП Национални шуми. На оваа локација беа присутни, заедно со своите директори:

- ЈП Македонија пат
- ЈП за државни патишта
- Централен регистар на РСМ
- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Државен инспекторат за техничка инспекција
- Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ЈП Национални шуми беше координатор на акцијата на оваа локација, заедно со: ЈП Македонија пат, Централен регистар на РСМ, ЈП за Државни патишта, Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Државен инспекторат за шумарство и ловство.

Координацијата беше проследена и поддржана и од Општина Чаир, чии претставници беа логистика на настанот.

Од настанот произлегоа неколку еколошки пораки кои потсетуваат на обврската на сите граѓани за почитување и одржување на здравата животна средина.

*- За поттикнување на свесноста за одговорноста на секој еден за одржување на чиста околина*

*- Вработените во државните институции помагаат за чистење на градот*

*- Животната средина е заедничка, на сите нас, само со заедничка вклученост може да ја зачуваме.*

*- Очекуваме дека откако сите ние заедно ќе наполниме стотици ќеси ѓубре, ќе размислиме два пати следниот ден, пред да го фрлиме ѓубрето повторно.*

*- Да се погрижиме заедно овие локации, да останат чисти и после сабота*







*“Вработените во ЈПНШ го даваат својот максимален придонес во акцијата „Администрацијата чисти“, длабоко свесни за значењето на здравата животна средина. Ценејќи го овој исклучителен еколошки гест на јавната администрација и вработените во ЈПНШ ќе го дадат својот еколошки придонес во зачувувањето на здравата животна средина.*
*Ценејќи го овој исклучителен еколошки гест на јавната администрација и ресорното министерство МИАО, ЈПНШ , односни вработените со задоволство ја поддржаа оваа исклучителна акција на ниво на цела држава.”- изјави Зоран Ѓорѓиев, директор на ЈПНШ.*

“За мене , како и за вработените во ЈПНШ, акцијата „Администрацијата чисти, претставува особено задоволство учеството во неа.Ја поздравувам акцијата и нагласувам дека животната средина е заедничка, на сите нас, само со заедничка вклученост може да ја зачуваме. ”, Berat Dehari зам. директор ЈПНШ.

“Се вклучувам во акцијата „Администрацијата чисти со своето учество во неа заедно со сите вработени во ЈПНШ и останатите колеги од Јавната администрација.

Очекувам, дека откако сите ние заедно ќе наполниме стотици ќеси ѓубре, ќе размислиме два пати следниот ден, пред да го фрлиме ѓубрето повтоно”. Гордана Серафимовска, пом. директор, ЈПНШ.

Присутните на акцијата „Администрацијата чисти” ја прифатија како акција што ја подига свеста за здравата животна средина и со надеж дека сите заедно ќе се погрижиме овие локации на кои работиме ќе останат чисти и после сабота и дека конечно сите ќе се грижиме за средината во која живееме и доброто на Планетета Земја”.

Подготвила: Соња Никчевиќ

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ШУМИТЕ (НСФШ)

Главното ограничување за постигнување на одржливо стопанисување со шумите (ОУШ) е недостаток на финансиски средства, што главно се должи на конкурентските приоритети во општеството, како што се безбедноста на храната, здравството и образованието и општиот недостиг на ресурси. И покрај достапноста на одредени меѓународни механизми на финансирање(проекти поврзани со климатските промени), земјите во транзиција и економски развој, тешко доаѓаат до финансиски средства заради ограниченост и пречки во исплатата.. Ограничениот пристап до меѓународното финансирање се должи на повеќе фактори:

- Слаби капацитети на земјата за подготвување на проекти за финансирање
- Лош пристап до информации за постојните и новите финансиски
- Различни критериуми за финансирање и процедурални барања

Владата на Република Северна Македонија побара и доби поддршка од Мрежата за олеснување на финансирањето на шумите (GFFFN) при Форумот за шумите на Обединетите Нации (UNFF) со цел изработка на стратегија за финансирање на шумите и Предлог-проект за одржливо управување/стопанисување со шумите, за пристап до постојни и нови финансиски извори поврзани со шумите на сите нивоа, со цел да се подобри одржливото управување/стопанисување со шумите.

Во оваа насока, Министерството за земјоделство, шумарство, водостопанство во соработка со Секретаријатот на Форумот за шумите на Обединетите нации, организира работилница за градење капацитети за мобилизирање на финансирањето за одржливо управување/стопанисување со шумите во Репубика Северна Македонија.

Општата цел на работилницата е да се зајакнат капацитетите на националните експерти во развојот и формулирањето на стратегија за финансирање на шумите како и изработка на Предлог - проект за мобилизирање на финансирањето на одржливото управување/стопанисување со шумите од сите извори. Оваа цел би се постигнала со :

- Споделување на НСФШ со клучните засегнати страни и добивање на повратна информација за изводливоста и соодветноста на предложената стратегија
- Подтврдување иили предлагање на партнерства и интерес за соработка во однос на спроедувањето на НФСШ
- Споделување на нацрт-белешката за нацрт проектот кон Зелениот климатски фонд(ЗКФ) со клучните засегнати страни кои ќе овозможат повратни информации за изводливост и соодветност на предложените интервенции на проектот
- Предлог и развивање на најсоодветен инстуционален аранжман за имплементација на проектот кон ЗКФ со јасно определени одговорности меѓу партнерите

Работилницата треба да овозможи да се реализираат очекуваните и зацртаните резултати со што ќе се добие одговор на прашањето за зацврстување на целите, капацитетите и институционалното учество во проектот.

С.Н.





# РЕГИОНАЛНА АКЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА ВО ШУМАРСТВОТО

Проектот „Регионална акција за борба против криминал и корупција во шумарството" има за цел да постигне добро владеење во секторот шумарство, и да помогне во борбата против криминалот и корупцијата во овој сектор, преку зголемување на транспарентоста и вмрежувањето во четирите проектни земји (Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора).
Проектот ќе создаде подобри услови за контрола на криминалот и корупцијата во секторот, преку креирање на информативен систем и подобрување на механизмите за следење на овие активности.
Проектот се спроведува од ЦНВП Фондација - Холандија, преку канцеларијата во РС Македонија, заедно со проектните партнери: невладините организации ФЕА - Босна и Херцеговина и Зелен Дом – Црна Гора. Проектот е финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.
Една од проектните активности е и одржување на регионални работилници кои имаат за цел да ја развијат соработката на регионално ниво, да воспостават мрежа, преку назначување на претставник од секоја проектна земја, и креирање на работни групи за подобрување на соработката и размена на информации поврзани со темите на проектот.
Во почетокот на ноември, 2019. во Сараево, се одржа првата регионална работилница за размена на знаења и искуства на регионално ниво, во рамки на проектот: “Регионална акција за борба против криминал и корупција во шумарството”.
Учествуваа 43 учесници од 4 проектни земји, како претставници на Министерствата за земјоделие и шумарство, животна средина, инспекторати, шумарски претпријатија, приватен сектор и сопственици на приватни шуми, антикорупциски институции, како и образовни инситуции и невладин сектор.
На работилницата зедоа активно учество и претставници од РС Македонија, од ЈП Национални шуми директорот г-дин. Зоран Ѓорѓиев, и помошниците директори Борче Бојчовски и Николчо Киров, од МЗШВ г-дин. Саша Јовановиќ, како и претставници на Инспекторатите за шумарство и животна средина, и претставници на Шумска полиција и сопствениците на приватни шуми.
Настанот беше покриен медиумски од страна на медиумите во Босна и Херцеговина. Проектниот менаџер г-дин Воислав Тодоров и претставници на институциите кои учествуваа на работилницата, беа интервјуирани од страна на неколку ТВ станици, што зборува за важноста на оваа тема во целиот регион.

На првата регионална работилница се иницираше воспоставувањето на регионална мрежа помеѓу релевантите институции, за да се подобрат капацитетите на релевантите чинители за борба против криминал и корупција во секторот шумарство.
Работилницата со поздравен говор ја отвори г-дин Воислав Тодоров – проектен менаџер. Тој истакна дека релевантините актери од регионот се на оваа работилница со цел да ги изразат своите интереси и мислења, и да дадат свој придонес кон подобрување на соработката во борба против криминал и корупција во шумарството, како и кон идните проектни активности.



Проектниот координатор од БиХ Белма Јахович, ги информираше присутните за спроведените активности во првата година од проектот, при што ја истакна блиската соработка и споделувањето на информации помеѓу учесниците на настанот. Заклучок од првата година на спроведување на проектот во сите четири земји, е дека сите земји во регионот се соочуваат со исти или слични проблеми, како што се:
- недостаток на соработка помеѓу институциите на национално и регионално ниво,
- недостаток на механизми за следење и релеванти податоци за следење на состојбите во шумарството, посебно со илегалните активности,
- недостаток на соодветни алатки за борба против криминал и корупција во шумарството, како и
- борба против негативните ефекти врз шумите како екосистем.

Од страна на Г-ѓа Јахович беа презентирани и проектните активности кои се во тек, како што е креирањето на мапа на шуми засегнати од илегални активности, како и прашалници и интервјуа поврзани со темите на проектот. Во однос на меморандумите за соработка (МоС), беше истакнато дека неколку се потпишани во (Црна Гора и Босна и Херцеговина), додека во Северна Македонија и Србија ќе се потпишат во следните неколку месеци. Со потпишувањето на овие меморандуми се демонстрира подготвеноста и заинтересираноста на институциите за транспарентно работење и борба против криминалот и копрупцијата во шумарството.

Г-дин. Кемо Кадрич, претставник на Федералното министерство за земјоделие, водостопанство и шумарство на БиЦ, ја презентираше организационата структура и поставеност во секторот шумарство во БиХ. Г-дин. Кемо Кадрич потенцираше дека во БиХ, како и во целиот регион, ефикасноста и капацитетот на шумарската инспекција треба да се подобрат, и дека заедничко им е недостаток на човечки капацитет и материјални ресурси. Тој истакна дека еден од проблемите кои ги поттикнуваат илегалните активности во шумарството, е и малиот процент на изречени и наплатени казни во однос на направени штети во шумите. Својата презентација Г-дин Кадрич ја заврши со презентирање на низа бенефити кои општеството ги има од одрживото управување со шумите, како што се: еколошки придобивки, развој на туризам, развој на рурална/локална економија, и др.

Г-динн Игор Чорлука претставник на Агенцијата за спречување на корупција и координација на борбата против корупција во БиХ, потенцираше дека агенцијата досега нема многу искуство со корупција во секторот шумарство. Но сепак, нагласи дека секторот шумарство ќе биде вклучен во идната стратегија за анти-корупција на агенцијата. Г-н Чорлука потенцираше неколку проблеми: во периодот од 2016 до 2019 во БиХ, илегалните активности во шумарството се зголемени, но од друга страна бројот на пресуди е намален, и многу од сторителите биле осудени на условни казни. Имајќи го предвид овој факт, препорака е да се подобрат казнените политики и да се направи поефикасно правосудство, со цел да се казнат сторителите. Во исто време, треба да се работи и на зголемување на свеста кај граѓаните и институциите да пријавуваат вакви и слични појави.

Консултантите на проекот Г-н. Аднан Медич и Г-н. Џенан Бечирович, го презентираа прогресот направен во спроведување на активностите поврзани со мапа на илегални активности во шуми и спроведувањето на прашалниците, како и следните чекори кои ќе се преземат поврзано со овие активности.

Г-н. Медиќ нагласи дека изработувањето на дигитални мапи на илегални активности во шума, во сите четири земји (пилот подрачја), ќе го подобри планирањето и донесувањето на одлуки од страна на релевантните институции. Г-н. Бечировиќ напомена дека спроведувањето на интервјуата со релевантните актери ќе даде реални податоци на степенот и причините за илегални активности како и корупцијата во секторот шумарство, кој понтаму ќе се искористат при изработката на акциски планови за борба против криминал и корупција во секторот шумарство.

На крај, на учесниците им се обрати и проектниот координатор Сања Орландиќ од организацијата Зелен Дом - Црна Гора. Таа го презентираше веќе усвоениот акциски план за борба против криминал и корпуција во шумарството (2019-2021) во Црна Гора. Искуствата од Црна Гора при изготвувањето на овој документ како и неговото спроведување во иднина, може да се искористат како пример на добра практика за другите земји од регионот.

Во вториот дел на работилницата, учесниците беа поделени и учествуваа во работата на 3 тематски групи:

### *1. Меѓусекторска соработка*

Претставниците од институиуциите на проектните земји ја претставија ситуацијата во своите земји како и можностите за подобрување на комуникацијата помеѓу институциите. Сите претставници се согласија дека моменталната меѓуинституционална комуникација е на задоволувачко ниво, но секако е потребно подобрување и интензивирање на соработката. Генерално комуникациите помеѓу институциите на регионално ниво е на ниво на персонални контакти на претставници на институциите. Оваа работна група предложи Регионална група за комуникација/соработка, да се формира што е можно побргу. Истата би требало да прерасне во регионална мрежа за размена на искуства и знаења за времетраење на проектот, како и после завршувањето на истиот. Сите релевантни институции



од регионот се согласија да номинираат свои членови како претставници на регионалната мрежа, како за проектните активности така и за комуникација помеѓу институциите и по завршувањето на проектот.
Г-н Ранко Канкараш, од Министерството за Земјоделие и Рурален развој од Црна Гора, истакна позитивен пример за успешна меѓуинституцијална соработка во Хрватска, помеѓу ЈП Хрватски шуми и Управата за јавни приходи во Хрватска. Тие преку заедничка активност развиле информативен систем за следење на целиот ланец на производство и трговија со дрвни производи, од шума до краен корисник/потрошувач.
„Проектните земји во суштина имаат многу слични системи на управување и администрација во шумарството. Специфични разлики постојат, како на пример во Северна Македонија, каде што постои Шумска полиција која во своето функционирање има и предности и недостатоци кои беа презентирани во работната група." - Истакна Николчо Киров, помошник директор на сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола во ЈПНШ.
Исто така специфична е и ситуацијата во Босна и Херцеговина, каде на ниво на ентитети и кантони е многу тешко да се воспостави институционална соработка, поради постоење на различни нивоа на организација и многу институции. Исто така кон ова допринесува и непостоењето на национален закон за Шуми на ниво на федерација.
Претставниците на невладиниот сектор нагласија дека соработката со институциите од шумарството е на задоволително ниво, и дека има поле за соработка и за идентификација на заеднички теми за делување во иднина, се со цел подобрување на состојбите во секторот.
Заклучоци: Доминираат персонални контакти, при што недостасуваат системски и официјални меѓуинституционални соработки. Постојат различни опции и предлози за подобрување на моменталната ситуација, и понатаму овие теми треба да се дискутираат на ниво на донесувачи на одлуки, на оперативно ниво, како и помеѓу различните актери во секторот (јавни установи, приватен и невладин сектор).

*2. Одредување на активности за борба против илегални активности во шумарството (спречување, откривање и борба против илегални активности)*

За време на дискусиите во оваа група беа предложени следните акции или мерки:
- подобрување на политиката за вработување во секторот шумарство,
- активности за зголемување на свеста помеѓу вработените во сектор шумарство како и сопствениците на приватни шуми,
- одредување на контролни точки на шумските патишта и поставување на камери и скенери за следење,
- реорганизација на секотр шумарство,
- соодветна регистрација на имотите и разрешен катастар,
- подобрена контрола на јавни набавки,
- подобрување на законските рамки и подзаконски акти,
- спречување на злоупотреба на трансформација на шумско земјиште со цел лични и колективни бенефити за приватни или политички цели,
- подобрување на условите и опремата за работа на шумската инспекција и шумска полиција,
- дигитализација во секторот шумарство и воведување на електронски системи за следење на дрвото,
- СОС телефон за пријавување на нелегални активности во секторот шумарство, како и;
- сертификација на шумите како алатка за намалување на илегалните активности.



### *3. Механизми за следење и контрола*

Дискусиите во оваа група започнаа со презентација на електронскиот систем за следење на производството во шума од Националниот Парк "Фрушка Гора" - Србија. Предностите на системот за контрола беа презентирани од страна на претставници на Националниот Парк, некои од нив се наведени подолу:

- Информациите се достапни до пошироката јавност,
- Можност да се следи патот на дрвото онлајн во секое време,
- Зголемена транспарентост во стопанисување со шумите,
- Зголемена продуктивност и контрола на системот,
- Достапност до податоци во секое време и во сите фази од производството.

Една од најпозитивните страни на овој систем е што можностите за манипулации во секторот шумарство, драстично се намалуваат. Во целина, системот е функционален и цената на чинење не претставува пречка за користење во секторот шумарство во регионот. Од Николчо Киров , ЈПНШ беше презентиран сличен систем кој се користи во шумарството во Северна Македонија, електронски систем, кој е делумно во функција, односно напоредно се користи и електронскиот систем и традиционалниот систем на документи на хартија. Подобрувањата во користењето на електронскиот систем се одвиваат секојдневно во шумарството во Северна Македонија, и претставнците на институциите покажуваат спремност да се справат со овој проблем, и во целост да го воведат електронскиот систем за следење и контрола на производството, со што драстично ќе се намали можноста за појава на илегални активности во секторот.

Црна Гора и Босна и Херцеговина сеуште немаат електронски системи, и во моментов нема никакви индикации дека слични системи ќе бидат имплементирани.

Во продолжение на дискусиите, проблемите со приватните шуми беа адресирани (недостаток на соодветен начин на стопанисување, електронски ситем за следење, и др.) Споменатите проблеми претставуваат предуслов за илегални активности и корупција во секторот, поради вклученост на многу актери во системот, како и непостоење на соодветен систем за следење и контрола во приватните шуми. Овој проблем беше апсолвиран како проблем на целиот регион во сите 4 проектни земји.

### *Предлози за воведување на ефективни системи за мониторинг:*

Намалување на илегалните активности во секторот, преку зголемена промоција на механизмите за мониторинг и транспарентност во секторот шумарство.

- Подобрување на меѓусекторската соработка, подобрување на промоцијата/транспарентноста помеѓу различните актери во секторот за активности кои се поврзани со криминал и корупција во шумарството, во проектните земји
- Промоцијата на позитивни практики и спроведување на систем за борба против илегални активности во шумарството, треба да биде инициран и да се спроведува од највисокото раководно ниво во секторот. Во исто време треба да се спроведуваат и обуки за јакнење на капацитетите на институциите, се со цел да можат да ги користат системите и механизмите кои ќе им бидат на располагање.

Постоечките системи за следење во проектните земји имаат потреба од подобрување и развој на процедури кои ќе им оневозможат на луѓето од администрација и терен да се вклучуваат во илегални активности.

Дополнително, не ретко се случува, активностите врзани за трансформација на земјиште да недостасуваат во ваквите анализи и мониториг на состојби, а не ретко ваквите активности се случаи на корупција во администрацијата.

Зголемена соработка помеѓу институциите е основа за намалување на криминалот и корупција во секторот. Еден од акцентите на соработа треба да се насочи помеѓу институциите од шумарство и катастарот во проектните земји, со цел да се синхронизираат системите за евиденција и контрола, за да може полесно да се следат промените и активностите на терен.

Законските механизми за борба против криминал и корупција во шумарството треба да се ревидираат со цел да се обезбеди соодветно спроведување на активностите, и да се осигура што е можно повеќе да се санкционираат сите оние кои се вклучени во нелегални активности.

Заклучок:

Електронските системи со сигурност може да го намалат степенот на илегални активности, таму каде правилно се употребуваат. Но во секој случај контроли на терен мора да се спроведуваат со цел да се провери како овие системи функционираат и како се употребуваат во пракса.

### *Генерални заклучоци*

Базирано на дискусиите и заклучоците од сите три работни групи, понатамошна дискусија и комуникација помеѓу претставниците од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија (членови номинирани од институциите) ќе продолжи, со цел да се разменат искуства и знаење на дадените теми. Од проектот очекуваме дека барем по една релевантна инсиституција од секторот шумарство од секоја земја ќе номинира по едно лице за комуникација во регионалната мрежа за поврзување и соработка.

Подготвил: м-р Воислав Тодоров, проект менаџер, ЦНВП



# ПОДОБРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ ВО РАСАДНИКОТ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ



Борбата против климатските промени кои носат катастрофални последици по светот глобално и локално во нашето општество, најуспешно се совладуваат со зголемување на површините под шуми, со пошумување.

Приоритетите на ЈП "Национални шуми" и во идниот период остануваат одржливото стопанисување со шумите во Република Северна Македонија и се насочени спрема зголемување на општокорисните функции на шумите, како и спрема заштитата и грижата за природата и животната средина. За таа цел како една од поважните мерки кои ги извршува ЈП е пошумувањето на голините и деградираното шумско земјиште и пошумување на опожарените површини. Спроведувањето на овие мерки е од голема важност бидејќи за спречување на опустинувањето, природните катастрофи како ерозија, поплави, пожари и загадувањето на водите и воздухот најефикасно се спречуваат со пошумувањето односно зголемување на зелените површини, каде дрвјата и другите растителни видови ја одржуваат природната рамнотежа помеѓу чистиот и потрошениот (загадениот) воздух, вода и почва во природата.

Во таа насока помеѓу ЈП "Национални шуми" и Јапонската агенција за меѓународна соработка JICA во 2017 година потпишан е договор за отпочнување на ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД КАТАСТРОФИ ВРЗ БАЗА НА ЕКОСИСТЕМСКИ МЕРКИ ПРЕКУ ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ШУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА.

Предвидено е проектот да трае 5 години односно до 2022 година. Целта на проектот е развој на модел на Еко-системски базирано намалување на ризикот од катастрофи (Еко-НРК) од поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумски пожарисо користење на повеќе шумски функции.

Проектот е поделен на 4 делови:

1. Надградба на MKFFIS
2. Зајакнување на капацитетот за планирање и управување со шумите
3. Подобрување на капацитетот за изведба на Еко-НРК активностите
4. Јавната свест

Во третиот дел како важна компонента е Подобрување на капацитетите за производство на садници во расадникот во Свети Николе.

Во 2018 година од страна на JICA експертите направена е анализа и изготвен е извештај за сегашната состојба на расадникот и направен е план за подобрување на капацитетите на расадникот.

Овој план е планирано да се изведува во 3 фази:
- Во првата фаза обезбедени се 1000 контејнери за производство на садници (2018 година, 200 контејнери за производство на листопадни дрвни видови и 800 контејнери за иглолисни дрвни видови);
- Во втората фаза 2019 година извршена е целосна реконструкција на иригациониот систем и системот за прихрана на садниците со инсталирање на нова автоматска линија и мрежа за засена во 3 мрежници.

Набавена е машина за автматско полнење на контејнерите со тресет , машина за автоматско сеење на семе во контејнерите. Со обезбедувањето на овие машини извршено е автоматизирање на целокупниот процес на полнење и сеење кој досега претставувше голем проблем при организирање и извршување на активностите бидејќи се вршеше рачно и беше потребно ангажирање на поголем број на работници подолго време.

Извршено е и адаптирање и реконструкција на објектот во кој се вршеа овие активности.

Обезбедена е и механизација за подготовка на почвата за пошумување и третирање на садниот материјал (трактор со сите неопходни приклучни машини, мотокултиватор, 2 грбни рачни прскалки и 1 моторна грбна прскалка, електричен тример и моторен тример).

Во третата фаза е предвидено реконструкција на уште 2 мрежници.

Со овој проект ќе се изврши целосно рационализирање и модернизирање на процесот за производство на саден материјал во расадникот во Свети Николе , а со тоа ќе се овозможи производство на поголем број на садници за масовно пошумување со балиран коренов систем што е важен предуслов за пошумување и обновување на шумскиот фонд а со тоа и враќање и ревитализирање на површините кои на било каков начин во минатото биле деградирани или опустошени.

Подготвила: М-р Маре Басова









# ЕСЕНСКО ПОШУМУВАЊЕ ВО ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



*ЈП Национални шуми започна со есенското пошумување од програмата за проширена репродукција.*
*Со изменените и дополните на новата програма за проширена репродукција на шумите за 2019 година, издвоени се 10 милиони денари за пошумување на голини и ерозивни земјишта. Пошумувањето се реализира на локацијата Кучкарево, кумановско.*
*Вработените во дирекцијата на ЈП Национални шуми, заедно со колегите од подружница Куманово засадија садници од чемпрес и црн бор со балиран корен-контјнерски метод. Засадувањето се изврши на 4 ха површина по 2500 садници.*

Во пошумувањето учествуваа и генералниот директор на ЈПНШ, Зоран Ѓорѓиев, заменик директорот Berat Dehari и Раководителот на ПШС Куманово, Луан Бајрами. Пошумувањето протече во инспиративна атмосфера, работно и со надеж дека садниците ќе достигнат оптимална зрелост низ годините.

Во рамките на есенското пошумување се засадија вкупно 256 900 садници од аризонски чемпрес, црн бор и багрем произведени во расадниците на ЈП Национални шуми(контејнерки и класичен начин на производство. Садниците се засадени на површина од вкупно 117ха, и тоа во Свети Николе 46 ха, Куманово 36 ха и во Велес на површина од 25 ха.





